Република Северна Македонија
Јавна установа Центар за социјална работа
ВАЛАНДОВО
Бр. 03-184/3
18.03.2021 год.
Валандово

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА НА ЈАВНА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВАЛАНДОВО

Јавната установа Центар за социјална работа – Валандово е јавна установа за социјална заштита чија надлежност и дејност е од сферата на социјалната заштита и поголем дел од областа на детската заштита како и извршување на други работи утврдени со Закон. Месната надлежност на ЈУ Центар за социјална работа – Пробиштип се протега на територијата на Општина Пробиштип во чиј состав се наоѓаат 34 села.

Согласно јавните овластувања и активностите кои произлегуваат од постојаните законски прописи во Република Северна Македонија, Центарот ги извршува следните работи и работни задачи утврдени со Закон за социјална заштита, односно решава за правата од социјална заштита, утврдени со Законот за социјална заштита на децата, решава за парична помош на лица со признаен статус на бегалец и под супсидијарна заштита, утврденисо Законот за меѓународна и привремена заштита, решава за работите утврдени со прописите за семејно-правните односи, решава за правото утврдено со Законот за социјална сигурност за старите лица, постапува по работите од својата дејностутврдени со прописите од кривичното право и врши други работи утврдени со закон.

При спроведувањето на социјалната заштита, како и стручната работа, ЈУ Центар за социјална работа – Валандово врши информирање и упатување на граѓани во однос на остварување пристап до права од социјална заштита, спроведува стручна помош и поддршка на поединец и семејство за надминување на социјални проблеми, реализира мерки и активности на социјална превенција и советување на поединец и семејство заради спречување и ублажување на последици од социјални проблеми, врши непосреден увид заради утврдување на фактичка состојба во домаќинството и потребите на членовите на домаќинството од социјална заштита, презема интервенции за зачувување на семејство во криза од дезинтеграција заради спречување на одвојување на децата од биолошкото семејство и интервенции за создавање услови за враќање на децата во биолошкото семејство, обезбедува пристап до услуги во домот, заедницата и вон семејството, развива и спроведува услуги во домот и заедницата, изготвува планови и програми за социјална заштита, води евиденција и прибира документација за корисниците на социјалната заштита, заштита на децата и семејно-правната заштита и за применетите облици на социјална заштита поднесува извештај до Министерството согласно со закон, применува и спроведува програми и други општи акти од областа на социјалната заштита, донесени и финансирани од општината, учествува во работата на советите за социјална заштита, учествува во работата на советот за социјална заштита на планскиот регион, поттикнува, организира и координира волонтерски активности на граѓански здруженија, фондации и хуманитарни организации во спроведување на програми за социјална заштита на подрачјето на општината.

ЈУ Центар за социјалнаработа Валандово почитувајќи ги начелата на законитост, ефикасност, сервисна ориентација, ставајќи акцент на јакнење на имунитетот на вработените, нивната стручност и компетентност важи за Установа кај која приоритет секогаш е интересот и потребите на корисниците на услугите кои ги добиваат од Установата.